## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ОРАЛНО ЗДРАВЈЕ И ПРЕВЕНТИВА НА ОРАЛНИ ЗАБОЛУВАЊА - ПРАКТИКУМ” ОД ПРОФ. Д-Р ЦЕНА ДИМОВА И АС. ДОК. САЊА НАШКОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2002-90/26 од 160. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на ден 5.5.2016 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Ана Миновска, редовен професор, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип,
– проф. д-р Мирјана Поповска, редовен професор, Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ОРАЛНО ЗДРАВЈЕ И ПРЕВЕНТИВА НА ОРАЛНИ ЗАБОЛУВАЊА - ПРАКТИКУМ**” од **проф. д-р Цена Димова и ас. док. Сања Нашкова** наменет за студентите на Дентална медицина и Стручни студии за забни техничари – протетичари на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов **„ОРАЛНО ЗДРАВЈЕ И ПРЕВЕНТИВА НА ОРАЛНИ ЗАБОЛУВАЊА - ПРАКТИКУМ”** од проф. д-р Цена Димова и ас. док. Сања Нашкова е наменет за студентите на студиската програма Дентална медицина, прв и втор интегриран циклус на студии, како и за студентите на Стручни студии за забен техничар - протетичар. Ракописот е во согласност со Планот и програмата за предметот Орално здравје, кој се слуша во II година (III семестар) со неделен фонд од 1+1+1 часови и 2 кредити како задолжителен предмет на студиската програма Дентална медицина, односно со 2+1+1 часови и 4 кредити како задолжителен предмет на студиската програма Забни техничари – протетичари.

Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја, но и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

**Податоци за обемот ракописот**

Содржината на ракописот е претставена во текст од вкупно 70 страници. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален единичен проред, употребен е фонт Ariel и со големина на буквите 11. Материјалот е подготвен во 12 методски единици, распоредени во согласност со Наставната програма.

Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**

Ракописот е резултат на опсежно пребарување на обемната стручно-научна литература на домашните и светски простори.

Не постои практикум со ист или сличен наслов кој е издаден на македонски јазик на нашите простори, кој е наменет за практичната настава и вежбите по предметот Орално здравје.

Авторите на јасен и едноставен начин, со разбирлив стил на ракописот, сублимирано ја претставува материјата која се изучува во овој предмет кој припаѓа на практичната настава по предметот Оралното здравје. Од особена важност е да се потенцира специфичниот пристап кон содржините, со цел да се прикаже и потенцира практичното значење на современите сознанија, со коешто се потврдува темелниот пристап во подготовката на ракописот.

**Краток опис на содржината**

Ракописот е пишуван на лесен и разбирлив јазик. Текстот и целата материја се конципирани во 12 тематски делови - вежби и литература. По секоја тематска содржина, односно вежба, се изготвени по десет најважни прашања кои студентот треба да ги совлада со цел постепено совладување на предметната содржина. Практикумот е илустриран со 20 слики и цртежи од кои повеќето се оригинални и сопствени.

Во првата тематска единица **Прием на пациент, преглед и идентификација на факторите на ризик за нарушување на оралното здравје** авторите детално даваат осврт за читателот за првиот прием на пациентот, како се зема анамнеза или распит на пациентот, а потоа како се пристапува кон прегледот на пациентот и утврдување на можностите за нарушување на оралното здравје.

Во втората тематска единица со наслов **Нотирање на состојбата на оралната хигиена,** во третата со наслов **Мотивација за одржување на оралната хигиена и Обука на пациентот за одржување на оралната хигиена**, во четвртата со наслов **Орално здравје и орална хигиена** и петтата тематска единица со наслов **Видови техники за орална хигиена и Видови средства за орална хигиена** на постепен и детален начин се обработуваат тематски делови на задолжителна и секојдневна орална хигиена.

Во шестата тематска единица со наслов **Исхрана и орално здравје** се зборува за влијанието и значајноста на исхраната врз општото и особено врз оралното здравје.

Во седмата тематска единица со наслов **Забен кариес, дентален плак, забен камен** се опишуваат превентивните аспекти кои овозможуваат спречување на создавање забни наслаги во мека и тврда форма (дентален плак и забен камен), како и превентивните мерки за спречување на појава на кариес.

Во осмата тематска единица со наслов **Гингивити – класификација, гравидарен гингивитис** накусо е опфатена поделбата на воспаленијата на гингивите (жлебините) со посебен осврт на воспаление на гингивата кај бремени жени.

Во деветтата тематска единица се зборува за **Видови стоматолошки интервенции**, распределени по стоматолошките научни области.

Во десеттата тематска единица со наслов **Отстранување на меки и тврди наслаги, пигментација на заби** се обработуваат рачните и машинските методи на отстранување на забните наслаги.

Во единаесеттата тематска единица со наслов **Едукативни програми за орално здравје** студентите ќе се запознаат со деловите на едукативните програми, применувајќи свој предлог-проект за различни едукативни програми.

Во последната дванаесетта тематска единица **Стоматолошки картон, ортодонтски картон и медицинска документација** се обработуваат содржините кои треба да ги има еден здравствен стоматолошки картон во физичка форма и електронска форма, со посебен осврт кон ортодонтскиот картон, но и со важноста на подготовка и уредно водење на медицинската и стоматолошка документација.

Литературата е обемна, содржи 100 референци, од кои 70 се најнови, за последните пет години. Ова зборува за систематичен приод кон оваа проблематика и за способноста на авторите за комплетно претставување на испитуваната тематика.

**З А К Л У Ч О К**

Ракописот „Орално здравје и превентива на орални заболувања - практикум“ од проф. д-р Цена Димова и ас. док. Сања Нашкова ги опфаќа сите содржини од теоретски аспект, според Наставната програма и содржина на истоимениот предмет за студентите на прв циклус за студиските програми Дентална медицина и Стручни студии за забни техничари – протетичари на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип. Со издавање на овој ракопис студентите ќе имаат можност да го изучуваат потребниот материјал за практичната настава во соодветен обем на македонски јазик. Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за практикум, како и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

**Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на ФМН при УГД - Штип ракописот „Орално здравје и превентива на орални заболувања - практикум“ од проф. д-р Цена Димова и ас. док. Сања Нашкова да биде издаден како практикум за студентите на Дентална медицина и Стручни студии за забни техничари – протетичари на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Ана Миновска, с.р.**
**Проф. д-р Мирјана Поповска, с.р.**